**20171452849**

**АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО**

Врз основа на член 10 точка 4), а во врска со член 81 став (2) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

## РЕШЕНИЕ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ И ТРАНЗИТ НА ДОМАШНИ И ДИВИ ЕКВИДИ ЗАРАДИ ЗАШТИТА ОД ВНЕСУВАЊЕ НА ВИРУСОТ НА ЗАПАДНО НИЛСКА ТРЕСКА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Решението за забрана на увоз и транзит на домашни и диви еквиди заради заштита од внесување на вирусот на западно нилска треска во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 121/17 и 130/17), Прилогот 1 се заменува со нов Прилог 1, кој е даден во прилог и е составен дел на ова решение.

Член 2

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-2857/5
5 октомври 2017 година
Скопје

Агенција за храна
и ветеринарство
в.д. Директор,
**Зоран Атанасов,** с.р.

**Прилог 1**

**1. Грција**
- Следните региони во Грција
Арголида/Argolis
Ханиа/Chania
Тесалоники/Thessaloniki
Аркадија/Arkadia

**2. Италија**
- Следните региони во Италија
Кунео/Cuneo
Верона/Verona
Венеција/Venezia
Падова/Padova
Ровиго/Rovigo
Гросето/Grosseto
Ливорно/Livorno
Витербо/Viterbo
Ористано/Oristano

**3. Унгарија**
- Следните региони во Унгарија
Саболч-Сатмар-Берег/Szabolcs-Szatmár-Bereg
Пест/Pest
Толна/Tolna

**4. Шпанија**
Утрера (Бахо Гвадалкивир)/Utrera (Bajo Guadalquivir)

**5. Австрија**
Корнебург/Korneuburg